Република Македонија
Бр. 15 - __________________
______________. 2012 год.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот: Предлог на Закон за трговија на зелени пазари**

**Усогласеност со Годишната програма на Владата: Материјалот не е предвиден со програмата**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
**ДА**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
**На првата наредна**

**Карактер на материјалот:**
-

**Итност на материјалот: Да**

**Прилог:**
-

**Дата на доставување на материјалот:**
**______________. 2012 година**

**МИНИСТЕР**
**Valon Saraqini**

Изработил: К.Тодевска
Контролирал: А.Поповски
Одобрил: Анче Трифунов

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

*М Е М О Р А Н Д У М*

НАСЛОВ: Предлог на Закон за трговија на зелени пазари

МИНИСТЕР,

Valon Saraqini

ПОТПИС:

Скопје, јули 2012 година

**1.Осврт по материјалот:** Со предложениот Закон за трговија на зелени пазари се овозможува уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зеление пазари, на начин што со ново законско решение ќе се регулира правниот статус на физичките лица кои ќе продаваат на зелените пазари определени производи а чиј правен статус е нерегулиран .

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Се предлага да се усвои Предлог законот

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:** НЕ

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:** НЕ

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)** НЕ

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:** НЕ

**9. Очекувани влијанија:** Со овој Закон се очекува да се овозможи напредок во сузбивање на сивата економија, нелегалната трговија и нелојалната конкуренција .

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:** НЕ

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:** Со овој Предлог закон се овозможува поедноставена постапка за вршење на трговија на зелените пазари од страна на продавачите на зелени пазари и тоа за:

-физички лица кои се регистрирани како самостојни вршители на дејност – трговци на зелени пазари запишани во регистарот на трговци на зелени пазари во Централниот регистар на Република Македонија

-Физички лица чие работење не ја надминува земјоделската дејност од помал обем и се запишани во регистарот на индивидуални земјоделци согласно одредбите на Законот за вршење на земјоделска дејност;

-Лицата кои се во работен однос или се пензионери, а се занимаваат со земјоделска дејност и се сопственици на земјоделско земјиште, или истото го користат како роднини од прв наследен ред кои не се вршители на земјоделска дејност во смисла на Законот за вршење на земјоделска дејност и се евидентирани во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

-Физички лица регистрирани како трговци поединци со единствена дејност – трговија на зелен пазар.

.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ПРЕДЛОГ на Закон за трговија на зелени пазари

Скопје, јули 2012 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за трговија на зелени пазари се овозможува уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зелениe пазари, на начин што со ново законско решение ќе се регулира правниот статус на физичките лица кои ќе продаваат на зелените пазари определени производи а чиј правен статус е нерегулиран .

Сите активности кои се иницираат со предлог законот, се очекува да овозможат воспоставување на правна рамка за пазарџиите на начин што преку прецизирање на условите кои ќе треба да се исполнат за вршење на оваа дејност како и преку поедноставена постапка за регистрација, се воспоставува правна рамка за вршење и на овој вид трговија .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел со донесувањето на овој закон е да се овозможи одделните активности кои досега се вршеа на зелените пазари од страна на пазарџиите а беа дел од сивата еконмија да се стават во правна рамка и законски да се уредат.

Начелата на кои се базира овој предлог закон се :

-ефективност

-транспарентност

–пропорционалност

Како основни решенија кои ги нуди овој закон се :

-регулирање на статусот на физичките лица кои ќе вршат трговија на зелените пазари,

-уредување на условите, начинот и постапката на вешење на трговија на зелените пазари,

- воспоставување поедноставена постапка за регистрација,

- обврската за плаќање согласно со прописите за даноци и

-надзор над работењето .

Основните решенија кои ги нуди овој Предлог закон содржат решенија кои се однесуваат на регулирање на статусот на физичките лица кои ќе вршат трговија на зелените пазари, уредување на условите, начинот и постапката на вешење на трговија на зелените пазари, воспоставување поедноставена постапка за регистрација, обврската за плаќање согласно со прописите за даноци како и надзорот над работењето.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и други јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог законот не е потребно обезбедување на финансики средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на трговијата на зелените пазари во Република Македонија.

**Член 2**

Трговија на зелен пазар е купување и продавање на стоки на организиран зелен пазар. На зелениот пазар не може да се врши трговија во смисла на давање на услуги.

**Член 3**

Продавачи на зелени пазари можат да бидат само:

1) Физички лица кои се регистрирани како самостојни вршители на дејност – трговци на зелени пазари запишани во регистарот на трговци на зелени пазари во Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: пазарџии);
2) Физички лица чие работење не ја надминува земјоделската дејност од помал обем и се запишани во регистарот на индивидуални земјоделци согласно одредбите на Законот за вршење на земјоделска дејност;
3) Лицата кои се во работен однос или се пензионери, а се занимаваат со земјоделска дејност и се сопственици на земјоделско земјиште, или истото го користат како роднини од прв наследен ред кои не се вршители на земјоделска дејност во смисла на Законот за вршење на земјоделска дејност и се евидентирани во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
4) Физички лица регистрирани како трговци поединци со единствена дејност – трговија на зелен пазар.

**Начин на трговија на зелен пазар**

**Член 4**

(1) На зелените пазари се продаваат стоките определени на начин како што е уредено со Законот за трговија освен ако со овој закон не е уредено поинаку.
(2) Со исклучок на трговците поединци од член 3 точка 4) од овој закон, трговските друштва, другите трговци поединци и занаетчиите не можат да продаваат стоки на зелен пазар. Стоките на овие лица можат да ги продаваат само трговците на зелените пазари и трговците поединци регистрирани за вршење на единствена дејност – трговија на зелен пазар. Трговците на зелен пазар во секое време треба да имаат

склучено договор или да располагаат со друг документ од кој може да се утврди субјектот од кој е набавена стоката.
(3) На зелен пазар не може да се продаваат земјоделски производи набавени од лица кои се занимаваат со земјоделство а земјоделските производи кои ги произведуваат се наменети исклучиво за задоволување на нивните лични потреби и за потребите на членовите со кои живеат и се евидентирани во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Евиденција на зелени пазари**
**Член 5**

(1) Министерството за економија води евиденција на продавачи на зелени пазари во Република Македонија.
(2) Централниот регистар електронски го известува Министерството за економија за секој нов регистриран трговец на зелен пазар во регистарот на трговци на зелени пазари, регистриран трговец поединец со единствена дејност – трговија на зелен пазар во трговскито регистар, како и за секој бришан трговец на зелен пазар и трговец поединец со единствена дејност – трговија на зелен пазар од надлежниот регистар.

**Член 6**

(1) Зелени пазари може да се организираат на целата територија на Република Македонија од страна на Советот на единицата на локална самоуправа или од трговци кои организираат зелен пазар (во понатамошниот текст: организатори на зелени пазари) на кој се врши трговија на мало, под услови пропишани со закон и друг пропис.

(2) Трговијата на зелени пазари е дејност од јавен интерес и организирањето и вршењето на работите на организатор на зелен пазар може да се врши со договор за јавно приватно приватно партнерство согласно одредбите на Законот за јавно приватно партнерство.

**Услови кои мора да ги исполнуваат трговците на зелените пазари**
**Член 7**

(1) Трговец на зелен пазар (пазарџија) во смисла на овој закон може да биде само физичко лице кое не остварува никакви други приходи од вршење дејност и не е примател на паричен надоместок како невработено лице.
(2) Од денот кога престанал да постои еден од условите од ставот (1) на овој член се смета дека лицето повеќе не го ужива статусот на трговец на зелен пазар согласно одредбите од овој закон.
(3) Лицето од став (2) на овој член е должно во рок од 7 дена од денот кога престанал да постои еден од условите од ставот (1) на овој член да поднесе

предлог во Централниот регистар за бришење од регистарот на трговци на зелени пазари.

(4) Трговците на зелени пазари кои ќе остварат бруто приход над 15.000 ЕВРА во денарска противвредност во тековната година се должни да се регистрираат како трговци поединци со единствена дејност – трговија на зелен пазар согласно Законот за трговските друштва.

(5) Министерството за економија е овластен подносител на пријава во Централниот регистар на Република Македонија за бришење на упис на трговец на зелен пазар и упис на во трговец поединец со единствена дејност – трговија на зелен пазар од надлежен регистар во постапка пропишана за упис согласно одредбите од овој закон.

**Постапка на регистрација на трговец на зелен пазар**
**Член 8**

(1) Лицето кое сака да се стекне со статус трговец на зелен пазар поднесува пријава за упис во регистарот на трговци на зелени пазари во Централниот регистар на Република Македонија. Кон пријавата лицето ги поднесува и следните прилози:

1)Изјава дека не остварува односно нема да остварува право на паричен надоместок за невработено лице од денот кога ќе биде запишан во регистарот на трговци на зелени пазари

2) Изјава дека не остварува други приходи од вршење дејност.

(2) Централниот регистар на Република Македонија во рок од еден ден од денот кога лицето поднело уредна пријава во Централниот регистар на Република Македонија заедно со прилозите од став (1) точки 1) и 2) на овој член му издава решение за упис во регистарот на трговци на зелени пазари. Од моментот на добивање на решението, лицето се стекнува со правен статус на трговец на зелен пазар. На постапката на упис соодветно се применуваат одредбите од постапката за упис согласно Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

(3) Министерот за економија поблиску ги пропишува формата и содржината на пријавата и прилозите упис на лицата во регистарот на трговци на зелени пазари во Република Македонија.

**Посебни должности на продавачите на зелени пазари**
**Член 9**

(1) Продавач на зелен пазари (лицата од член (3) став (1)) е должен:

1) Лично да продава на тезга;

2) Во секое време да располага со доказ дека е регистриран во согласност со закон;
3) Да има склучено договор за закуп на тезга со организатор на зелен пазар;
4) Да има истакнато ценовник на своите производи на тезга
5) Да не дава закупена тезга во подзакуп;

**Посебни должности на организаторите на зелените пазари**
**Член 10**

(1) Организаторите на зелен пазар се должни:

1) За организирањето и започнувањето со работа на зелениот пазар да го известат Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи;
2) Со секое лице кое продава на зелениот пазар да имаат склучено договор за продавање на зелен пазар;
3) да склучат договор со лице кое ги исполнува условите за продавач на зелен пазар освен ако нема слободни тезги на пазарот;
4) На сопствен трошок да им обезбедат на сите продавачи на зелениот пазар непречен и бесплатен пристап до тоалети (посебен машки и женски);
5) Секојдневно да ги чисти, да врши поправка и да ги одржува тезгите за непречено работење и на сопствен трошок;
6) Да ги нумерира тезгите;
7) Да се грижи за одржување на редот на зелениот пазар;
8) Да ги применува прописите за безбедност во случај на пожар;
9) Да воспостави интерен систем на евиденција на тезгите на пазарот;
10) Да има утврдено и да ги објави критериумите по кои ги распределува тезгите на пазарот јавно на влезот на зелениот пазар;
11) Да има огласна табла на влезот во пазарот
12) Да овозможи осветлување на зелениот пазар ноќно време.

(2) Организаторот на зелените пазари не сноси одговорност за безбедноста и квалитетот на производите кои трговецот на зелениот пазар ги продава на пазарот освен ако во постапка согласно закон не се утврди дека знаел или можел да знае дека трговецот на зелен пазар продава штетни, односно небезбедни производи и спротивно на условите за продажба.

**Посебни елементи на договорот помеѓу организаторите на пазарот и продавачите на зелени пазари**

**Член 11**

(1) Во договорите помеѓу организаторите на пазарот и продавачите на зелени пазари слободно се уредуваат нивните меѓусебни односи согласно Законот за облигационите односи со исклучок на следните елементи кои се задолжителни во договорот:

1) До името и презимето и адресата на продавачот на зелен пазар, задолжително да се наведе број и датум на решението од Централниот регистар на Република Македонија со кој е запишано лицето во регистарот на трговци на зелени пазари, или број и датум на решението со кое лицето добило статус кој правно му дозволува да продава на зелен пазар пропишан во член (3) од овој закон;
2) Износот на надоместокот и начинот на плаќање на истиот за трговија на зелен пазар (во понатамошниот текст: надоместок);

(2) Во договорот помеѓу организаторот на пазарот и продавачот на зелен пазар не смеат да се утврдуваат други основи или други видови на парични обврски за продавачот на зелен пазар освен износот надоместокот.
(3) Организаторот на пазарот не може да го раскине договорот со продавачот на зелениот пазар освен во случај ако има нередовна исплата на надоместокот во смисла на доцнење од најмалку три месеци од денот кога достасала обврската за плаќање на надоместокот.
(4) Во случај определен со став (3) одо овој член, организаторот писмено му го врачува или го закачува на огласната табла известувањето за еднострan раскин на договорот со отказен рок кој не може да биде пократок од 3 месеци од денот на известувањето. Доколку продавачот на тезга одбие да го прими известувањето ќе се смета дека доставувањето на известувањето е уредно доставено ако е закачено на огласна табла на влезот на зелениот пазар.

**Член 12**

(1) Седиштето на трговецот на зелен пазар (пазарџијата) е местото во кое тој има живеалиште.
(2) Фирмата на трговецот на зелен пазар се состои од неговото име и презиме до која задолжително стојат зборовите „-трговец на зелен пазар."

**Член 13**

(1) Трговците на зелени пазари немаат обврска да водат деловни книги, сметководство и трговски книги согласно Законот за трговските друштва.

(2) Трговците поединци со единствена дејност – трговија на зелен пазар имаат исти права и обврски согласно Законот за трговските друштва како и трговците поединци.

**Член 14**

(1) Трговците на зелени пазари имаат обврска за плаќање на паушален данок во согласност со прописите за даноци како самостојни вршители на дејност.

(2) Трговците на зелени пазари своите права и обврски по основ на пензиско и инвалидско осигурување ги остваруваат согласно прописите за пензиско и инвалидско осигурување како самостојни вршители на дејност.

**Член 15**

(1) Продавачот на зелен пазар може привремено да запре со работа во случај на:

1) Болест - додека трае неспособноста за работа;

2) Притвор или издржување на казна затвор - до шест месеци, односно изречена мерка на безбедност со која е забрането вршењето на дејноста од шест месеци до една година.

(2) Во случаите од ставот (1), точки 1) и 2) од овој член на место продавачот на зелен пазар може со издавање на полномошно заверено на нотар да овласти друго лице кое исполнува услови да биде трговец на зелен пазар.

ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Член 16**

(1) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на организатор на зелен пазар ако:

1) За организирањето и започнувањето со работа на зелениот пазар не го извести Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи;

2) Нема склучено договор за продавање на зелен пазар со лице кое фактички продава на тезга на зелениот пазар;

3) Одбива да склучи договор со лице кое ги исполнува условите за продавач на зелен пазар а располага со слободни тезги на пазарот;

4) немаат обезбедено на сите продавачи на зелениот пазар непречен и бесплатен пристап до тоалети (посебен машки и женски);

5) нема воспоставено интерен систем на евиденција на тезгите на пазарот;

6) Нема утврдено или објавено критериумите по кои ги распределува тезгите на пазарот јавно на влезот на зелениот пазар;

7) Нема огласна табла на влезот во пазарот

8) Не овозможува осветлување на зелениот пазар ноќно време.

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице на организаторот на зелениот пазар.

**Член 17**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на организатор на зелен пазар ако склучува договори со продавачи на зелени пазари без елементите определени во член 11 став (1) од овој закон, ако утврдуваат други основи или други видови на парични обврски за продавачот на зелен пазар освен износот надоместокот.

(2) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице на организаторот на зелениот пазар.

**Член 18**

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец на зелен пазар кој нема да се регистрира како трговец поединец со единствена дејност трговија на зелен пазар ако се исполнети условите за истото пропишани со член 7 став (4) од овој закон.

НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ПРОПИСИТЕ

**Член 19**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој Закон врши Министерството за економија.

(2) Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат самостојно или во соработка со другите надлежни инспекторати во рамки на нивниот делокруг на работа согласно закон.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

(1) Организаторите на зелените пазари и продавачите на зелени пазари во Република Македонија се должни да го усогласат работењето согласно одредбите на овој закон најдоцна до 1.03.2013 година.

(2) До истекот на рокот определен во став (1) од овој член, секој организатор на пазар е должен да има склучено договор со продавач на зелен пазар согласно одредбите на овој закон.

(3) Почнувајќи од 1.03.2013 година, секое лице кое продава на зелен пазар е должно да поднесе пријава за упис во регистарот на трговци на зелени пазари во Централниот регистар или да има обезбедено поединечен правен акт со кој му е признат статус на лице кое соглансо член 3 може да биде продавач на зелен пазар.

**Член 21**

Централниот регистар на Република Македонија до 1.03.2013 година ќе воспостави електронски систем за упис на трговци на зелен пазар и електронски регистар на трговци на зелен пазар.

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" а ќе се применува од 1.03.2013 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ

Со предложениот Закон за трговија на зелени пазари се овозможува уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зеление пазари, на начин што со ново законско решение ќе се регулира правниот статус на физичките лица кои ќе продаваат на зелените пазари определени производи а чиј правен статус е нерегулиран .

Предлог законот содржи решенија кои се однесуваат на регулирање на статусот на физичките лица кои ќе вршат трговија на зелените пазари, уредување на условите, начинот и постапката на вешење на трговија на зелените пазари, воспоставување поедноставена постапка за регистрација, обврската за плаќање согласно со прописите за даноци како и надзорот над работењето.

Основно е со донесувањето на овој закон е да се овозможи преку воспоставување на правна законска рамка ,напредок во сузбивање на сивата економија, нелегалната трговија и нелојалната конкуренција .

На овој начин се очекува да се излезе во пресрет на барањата на оваа категорија на вршители на трговија на зелените азари , односно пазарџиите, со што со законска регулатива која гравитира околу оваа област ќе се уреди предметната област .

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 , 2 и 3 од овој Предлог закон се прецизира што е предмет на овој закон, односно со истиот се уредуваат условите и начинот на вршење на трговија на зелените пазари, како и дефинирање на поимот трговија на зелен пазар кој опфаќа продавање и купување на стоки на организиран зелен пазар како и двање на услуги. Со члено 3 од Предлог законот утврдена е и правна рамка за тоа која категорија на физички лица можат да бидат продавачи на зелените пазари .

Со член 4 е регулиран начинот на вршење на трговија на зелените пазари, така што прецизирано е кои категории на трговци може да вршат продажба на производи на зелените пазари , и кои се исклучени од продажба на зелените азари а тоа се трговските друштва , другите трговците поединци и занаетчиите , чии стоки може да ги продаваат само трговците на зелените пазари и трговците подинци регистрирани за вршење на единствена дејност-трговија на зелен пазар, врз основа на склучен договор за трговија на зелен пазар. Исклучена е продажбата на земјоделки производи производи кои се набавени од лица кои произведуваат земјоделски производи за свои лични потреби и потребите на своето семејство. Земоделски производи може да родаваат трговците доколку тие производи им припаѓаат на физичките лица чие работење не ја надминува земјоделската дејност од помал обем, и се запишани во регистарот на индивидуални земјоделци . Регулиран е и начинот на одговорност за предизвикување на штетата.

Со член 5 и 6 од Предлог законот, се регулира начинот на водење на евиденција на зелените пазари.

Со член 7 од Предлог законот, дефинирани се условите кои трговците мора да ги исполнуваат на зелените пазари.

Со член 8 од Предлог законот, дефинирана е постапката за регистрација на трговец на зелен пазар , со што се овозможува стекнување на с татус на трговец.
Со член 9 од Предлог законот , прецизирани се посебните должности на продавачите на зелени пазари,.
Со член 10 од Предлог Законот, прецизирани се посебните должности на организаторите на зелени пазари, кои меѓу другото пред започнување со работа на зелениот пазар се должни да го известат Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи.
Со член 11, 12 , 13, 14 и 15 од Предлог законот, прецизирани се посебните елементи на договорот кој се склучува меѓу организаторот на пазарот и продвачот на зелениот пазар, како и причините за привремено запирање со работа на продавачот .
Со член 16,17,18,19 и 20 од Предлог законот ,пропишани се прекршочни санкции во скучај на непридржување на пропишаните одредби од овој закон.
Со член 21 од Предлог законот се прецизира надзорот над примената на прписите, кој го врши Министерството за економија, а инспекцискиот надзор го врши Државниот пазарен инспекторат.
Во член 22 од Предлог законот. содржани се одредби за роковите на усогласување на организаторите на зелени пазари како и лицата што сакаат да продаваат на зелените пазари со одредбите на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани со одделните решенија во замиот закон, а некои содржат и упатувачки одредби кон Закон за трговски друштва, Закон за трговијата и Закон за вршење на земјоделска дејност.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се овозможува регулирање на статусот на физичките лица кои ќе вршат трговија на зелените пазари, уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зелените пазари, воспоставување поедноставена постапка за регистрација, обврската за плаќање согласно со прописите за даноци како и надзорот над работењето.

Основно е со донесувањето на овој закон е да се овозможи преку воспоставување на правна законска рамка ,напредок во сузбивање на сивата економија, нелегалната трговија и нелојалната конкуренција .

На овој начин се очекува да се излезе во пресрет на барањата на оваа категорија на вршители на трговија на зелените пазари , односно пазарџиите, со што со законска регулатива која гравитира околу оваа област ќе се уреди предметната област .

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот:** Предлог на Закон за трговија на зелени пазари | **2. Министерство/ орган на државна управа:** Министерство за економија |
| **3. Цел на предлогот:** За усвојување | **4. Вид на предлог:** Предлог на Закон за трговија на зелени пазари |
| **5. Контакт лице и звање:** АлександарПоповски,раководител на сектор | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** т. 3093-491: моб.075/383-694 |

**7. Активност:** Со овој Предлог на Закон се овозможува регулирање на статусот на физичките лица кои ќе вршат трговија на зелените пазари, уредување на условите, начинот и постапката на вршење на трговија на зелените пазари, воспоставување поедноставена постапка за регистрација, обврската за плаќање согласно со прописите за даноци како и надзорот над работењето.
Основно е со донесувањето на овој закон е да се овозможи преку воспоставување на правна законска рамка ,напредок во сузбивање на сивата економија, нелегалната трговија и нелојалната конкуренција .
На овој начин се очекува да се излезе во пресрет на барањата на оваа категорија на вршители на трговија на зелените пазари , односно пазарџиите, со што со законска регулатива која гравитира околу оваа област ќе се уреди предметната област .

| **8. Вид на барање:** | | | |
|---|---|---|---|
| | ( ) Регулатива во врска со ЕУ / | ( ) Нова програма / | ( )Прераспределба (на средства) помеЃу две програми / |
| | ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9. Цел на барањето/ предложената активност:** Основна цел со донесувањето на овој закон е да се овозможи одделните активности кои досега се вршеа на зелените пазари од страна на пазарџиите а беа дел од сивата еконмија да се стават во правна рамка и законски да се уредат.

**10. Врска со владината програма:** /

| **11. Фискални импликации: НЕМА** | **( илјада денари )**<br>**Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта** |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| Б. Одобрени средства за предлог<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| **Ц. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)**<br>Плати<br>Стоки и услуги | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>**Д. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)**<br>Плати<br>Стоки и услуги | / | / | / | / |
| Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Е. Нето импликации на средствата на органот(Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Ф.Зголемување/намалување на приходите<br>Г.Дополнителни извори на финансирање или споредување на трошоците<br>Извор: | | | | |
| **12. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот** | / | / | / | / |

| | |
|---|---|
| **13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г).** | / |
| **14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение.** | / |
| **15. Дата на извршување на проценката** | 18 .06.2012 година |
| **16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:** | |
| **17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:** | / |
| **18.Измени побарани од Министерството за финансии:** | / |
| **19. Одговор на Министерството - предлагач:** | / |

| | |
|---|---|
| 20. Одговор од Министерството за финасии: | / |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | / |

22. Одобрено/Дата:

_______________________ _______________________

**Државен секретар,** Ден/ месец/ год. **Министер,**

**Анче Трифунов** **Valon Saraqini**